# РАБОТНА СЕСИЈА ЗА РАЗВИВАЊЕ НА МОДУЛ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР И ЕФИКАСНО СПРАВУВАЊЕ СО КОНФЛИКТИ

На ден 13 и 14 октомври 2014 година во Програмската канцеларија на Советот на Европа се одржаа два работни состаноци за изготвување на два модули за обука за затворскиот персонал. Едниот модул се однесува за планирање на казната затвор, додека другиот се однесува за ефикасно справување со конфликти во затворски услови.

Работната група се состои од претставници на затворскиот систем кои со помош на претставници од Управата за извршување на санкциите и двајца меѓународни консултанти од Советот на Европа ги утврди содржините на модулите, поточно се утврди дизајнот на Програмата и Прирачникот за спроведување на обука, како и алатките со помош на кои Управата за извршување на санкциите ќе врши евалуација на спроведените обуки.

Спроведувањето на обука од модулот за планирање на казната затвор ќе ги унапреди вештините на вработените во секторот за ресоцијализација за прибирање на податоците за личноста на осуденото лице во приемното одделение, пишување на јасни извештаи, а воедно ќе го олесни планирањето и спроведувањето на конструктивни активности за осудените лица во текот на издржувањето на казната затвор.

Спроведувањето на обука од модулот за ефикасно справување со конфликти ќе овозможи унапредување на комуникациските вештини на персоналот од различни сектори, вклучувајќи го секторот за ресоцијализација и секторот затворска полиција во кризни ситуации и во справување со конфликти во затворски услови.

Овие активности се дел од ИПА Проектот 2009 насловен како "Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица".